**Извештај од мониторинг на процесот на подготовка на програмите и буџетот на Општина Струмица за пристапот до услуги од областа на економско зајакнување на жените спроведен во рамки на проектот „Застапување на родово инклузивни локални буџети“**

Организација на жени од Струмица, во рамки на проектот „Застапување на родово инклузивни локални буџети“ во 2018 година спроведе мониторинг на процесот на подготовка на програмите и буџетот на Општина Струмица за пристапот до услуги од областа на економско зајакнување на жените

Општата цел на проектот е да го унапреди третманот на родовите прашања во програмското и буџетското планирање на локално ниво, преку примена на застапувачки акции од локални женски организации за воведување и финансирање на мерки кои соодветствуваат на приоритетите на жените од локалната заедница. Специфичната цел е да ја зајакне улогата на локалните женски НВО за промоција на интересите на жените и родовата еднаквост во процесите на годишно планирање и буџетирање. Истиот опфаќа стекнување на одржливи знаења и практични вештини, како и ресурси за примена на клучните фази и чекори на застапувачка стратегија, воспоставена комуникација со локалните власти и мониторинг на планирачките процеси.

Носител на проектот е Акција Здруженска од Скопје, а поддржан е од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска. Вклучени беа граѓански организации од четири општини – Струмица, Кавадарци, Радовиш и Скопје.

**Цел и методологија на мониторингот**

**Општа цел на спроведување на мониторингот** беше еобезбедување на релевантни информации за третманот на родовите прашања од страна на единицата на локалната самоуправа и подготовка на мониторинг извештај кој вклучува и соодветни препораки.

Специфична цел на следењето беше да се идентификува дали и на кој начин општината ги третира потребите на жените од локалната заедница.

Со цел да се изврши проценка на условите, проблемите и потребите како и пристапот на жените до услугите кои локалните власти би требало да ги планираат во рамките на нивните надлежности, беше спроведено партиципативно истражување преку одржување на фокус групи. За да се добијат што е можно порелевантни податоци, составот на фокус групите беше од жени со различен професионален, образовен и социјален статус, од различна етничка припадност и од рурални и урбани средини.

Врз основа на изработените индикатори во областите во надлежност на локалната самоуправа: инфраструктура, образование, социјална заштита, економија, вклученост во донесување одлуки и здружување на жените во општината, од страна на жените од фокус групите беа дадени збирни оценки и опис на состојбата за секој поединечен индикатор, во секоја од областите.

**Пристапот до услуги од сферата на економски развој /Економско зајакнување на жени беше** селектиран како приоритетен проблем од страна на жените учеснички на фокус групите и истиот беше предмет на следење од страна на Организација на жени на Струмица.

Мониторингот се одвиваше врз основа на претходно подготвена најопшта методолошка рамка за следење, во која, за секоја од фазите беа содржани прашања/индикативни насоки за прибирање информации за идентификување на специфичните активности/мерки и ресурсите кои општинските власти ги планираат во однос на избраниот приоритет. Воедно, прашањата делумно се однесуваа и на аспектите поврзани со транспарентноста на планирачките и процесите на донесување одлуки, особено оние кои се однесуваат на буџетот.

При спроведување на мониторингот беа користени следниве методолошки техники и инструменти:

- Разговори и средби (градоначалник на Општина Струмица, координаторка за еднакви можности, раководители на сектори)
- Анализа и компарација на документација и програми
- Следење

**Резултати од следењето**

Предмет на следење беа активностите/мерките и ресурсите на општината во однос на избраниот приоритетен проблем, а чие решавање спаѓа во директна надлежност на општината. Воедно, се следеа и аспектите поврзани со транспарентноста на планирачките и процесите на донесување одлуки, особено оние кои се однесуваат на буџетот.

Речиси сите усвоени документи (службени весници, буџет, стратешки и акциски планови) се достапни на веб страната на Општина Струмица, што покажува дека општината е транспарентна. Предлог буџетот со нацрт програмите за 2018 година не беа јавно достапни на општинската веб страна пред одржувањето на седницата на Советот за нивно усвојување, што би придонело за уште поголема транспарентност и можност на граѓаните да даваат мислења, забелешки, предлози итн. Необјавувањето на овие документи не е карактеристично само за оваа година, туку тоа е воспоствена пракса и процесот е таков и во изминатите години.

Поради ова, беше неопходно да се контактираат општинските служби, меѓу кои администрација вклучувајќи ја и координаторката за ЕМЖМ, градоначалникот, советници, конкретно претседател на Совет и претседателка на Комисијата за ЕМЖМ, и комуникацијата со нив се одвиаше непречено и отворено. Беа достапни да одговорат на поставените прашања, иако за дел од прашањата беше посочено дека е потребно да се достави официјално барање за пристап до информации од јавен карактер.

Поради одржување на локалните избори во 2017 година, имаше незначително отстапување од неколку денови при подготовката на Програмите и Плановите за 2018 година.

Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2018, во чии што рамки е и прашањето на нашиот интерес, исто како и Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот за 2018, беа

разгледани и усвоени од страна на новите надлежни комисии во Советот на општина Струмица на само еден ден пред одржување на седницата за усвојување на буџетот.

Во процесот на подготовка и планирање на буџетот и годишните програми за 2018 година, Општина Струмица организираше консултации со граѓаните заради идентификација на проблеми и прибирање на предлози . Консултациите се одвиваа преку следните механизми: собири на граѓаните , Форум во заедницата, директен прием на граѓаните од страна на градоначалникот во неговиот кабинет, како и доставување писмени предлози од граѓаните до кабинетот на градоначалникот.

Преку надворешните форми на консултации се вклучени граѓаните од урбаните и руралните заедници, меѓутоа бројот на консултурани жени е помал во однос на бројот на мажи, особено во руралните заедници кога градоначалникот одржува собири со граѓаните.

Постоечките форми на вклучување на жените применети во процесот на планирање заради идентификација на проблеми и прибирање на предлози и мерки за финансирање се недоволни и еднонасочни.

Од страна на граѓаните не беше доставен предлог во областа на економското јакнење на жените.

Не беа реализирани посебни консултации со граѓанските организации, како што беше пракса во минатите години.

Освен надворешни, се реализираа и внатрешни консултации. Секој поединечен сектор на општина Струмица формираше програми за 2018 година. Потоа се остваруваа заеднички средби помеѓу раководителите на секторите и одделенијата , вработени во општинската администрација и Градоначалникот, на кои се презентираат програмите, се утврдуваат приоритетите и износот на секоја програма поединечно .

Координаторката за еднакви можности и КЕМЖМ при Советот на општината не се вклучени во процесите на подготовка на останатите програми, а нивната вклученост би придонела кон поголема промоција на концептот на родова еднкавост.

**Родовата нееднаквост** и понатаму има влијание во сите сфери од животот и затоа се потребни нови пристапи, нови стратегии и методи за да се постигне целта на родовата еднаквост. Вклучувањето на родовите прашања во главните политики е една од овие стратегии.

Знаеме дека буџетот е еден од најважните инструменти за остварување на целите на политиките на една власт (централна и локална), кој ги рефлектира нејзините клучни приоритети и политики за нивно остварување и дека родово одговорното буџетирање подразбира примена на родово заснована проценка на сите нивоа на буџетскиот процес и реструктурирање на приходите и расходите, во правец на промовирање на родовата еднаквост.

Општина Струмица предвидува буџетски алокации од оваа област во Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените и во Програмата за активности на општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот. Исто така, во

објавениот повик од страна на општината за финансиска поддршка на здруженија и фондации, една од приоритетните области е Промоција на женското претприемништво, особено кај жените од ранливите категории и жените од малцинските етнички групи во општината.

Вкупниот планиран буџет за  Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2018 година изнесува 400.000 денари. Програмата е речиси идентична со мерките и активностите  од минатогодишната програма и со Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во општина Струмица , со единствена разлика  во износот на предвидениот буџет.

За Програмата  за активности на општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот за 2018 планиран е буџет од 13.240.000 денари. Исто така, одредени мерки се пресликани од програмата за 2017 година.

Приоритетен проблем идентификуван од страна на жените - Пристапот до услуги од сферата на економски развој /Економско зајакнување на жени, е дел од Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените. Во усвоената Програма постојат мерки за пристап до економски можности на жените :

- Афирмација на можностите за самовработување во областа  на земјоделството, преку поттикнување  на женско претприемништво и информираноста на жените за можностите за пристап до фондови (ЕБОР , ИПАРД итн. )
- Менторство и поддршка не жените во руралните средини за пристапот до фондови преку советување
- Формирање на фонд за женско претприемништво на општина Струмица
- Задолжителна проценка на влијанието на Локалните економски политики врз жените во општина Струмица, иницирани и разгледани од Комисијата за еднакви можности на мажите и жените
- Проценка на состојбата со социјалните осигурувања на жените вклучени во земјоделие и лобирање за промена на законските решенија кои ќе обезбедат поголема сигурност за жените во руралните средини
- Промоција на успешни жени како модел/пример за добри практики преку редовни дебати и размена на искуства
- Воведување на целодневна настава во основните училиштата која ќе обезбеди слободно време на жените за нивно вклучување во економскиот живот
- Афирмација и поттикнување на креативни индустрии и занаети (дизајни, накит итн.) преку организирање на промотивни настани и воведување на вон-наставни активности во средните училишта

Индиректната мерка која влијае на економско зајакнување на жените „Инклузија на лица со попреченост преку воведување на ментори (лични и обрзовни) во наставата, со вкупен буџет од 110.000 денари, е составен дел од Програмата. [1]

Според инспекторот за образование на Општина Струмица, мерката ќе продолжи и во 2018 година, но со зголемување на бројот на личните и образовни асистенти. За 2018 предвидено е да бидат ангажирани вкупно 15 лични и образовни асистенти.[2]

Приоритетот е дел и од Програмата за активностите на општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот за 2018 година.Освен проектната активност „Фонд за поддршка на женско претприемништво" со предвиден буџет од 500.000 денари, содржи и други проектни активности кои можат да имаат влијание на еконмското зајакнување на жените:

- Административна помош на земјоделци (буџет: 150.000 денари)
- Едукација на земјоделци за ИПАРД (буџет: 200.000 денари)
- Други мерки и стратегии на ЛЕР (буџет: 2.560.000 денари)
- Трансфер до Центар за поддршка на НВО (3.000.000 денари)
- Трансфер до Младински совет (3.000.000 денари)

Меѓутоа, аведените проектни активности се без конкретни цели, активности, критериуми, механизми и сл.

Нејасно е каков вид на поддршка ќе се обезбеди на жените преку планираниот Фонд за женско претприемништво, кои се критериумите и условите за добивање на поддршка, доколку помошта е во финасиски средства која ќе е висината на истата, кој ќе го администрира, како и дали е предвидено да се обезбеди одржливост на фондот и која е целната група која ќе може да добие поддршка.

Раководителот на Одделението за ЛЕР објасни дека сите горенаведени нејаснотии ќе бидат детално образложени и објавени во текот на март 2018 година, кога секоја проектна активност од Програмата ќе биде конкретизирана.[3] Меѓутоа, се поставува прашањето, ако истата мерка била предвидена и за 2017 година, зошто и по повеќе од една година нема дефинирано јасни мерки, цели, критериуми итн.

Може да се заклучи дека Економското јакнење на жените во Општина Струмица, како една од надлежностите на локалните самоуправи, е идентификувано како приоритет во две програми. Меѓутоа, Програмата за активностите на општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот за 2018 година не содржи конкретни цели, активности, мерки и критериуми и очекувани резултати за наведениот приоритет.

За реализација на активности за економско јакнење на жените во Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности за 2018 година и во Програмата за

[1] Службен гласник 23, стр.180
[2] Разговор со инспектор за образование на Општина Струмица, Зоран Узунов (19.02.2018)
[3] Разговор со Раководител на ЛЕР, Тони Милушев (19.02.2018)

активностите на општина Струмица во областа на ЛЕР и туризмот за 2018 година предвидени се вкупно 500.000 денари наменети за формирање на Фонд за женско претприемништво. Предвидениот буџет не е доволен за постигнување на позначајни резултати за економско јакнење на жените.

## 6.ПРЕПОРАКИ

- Утврдување на јасни мерки, цели, активности, критериуми и корисници на Фондот за поддршка на женско претприемништво.
- Зголемување на износот на буџетот за Фондот за женско претприемништво.
- Воспоставување механизми и практика за примена на родово заснована проценка на сите нивоа на буџетскиот процес и реструктурирање на приходите и расходите, во правец на промовирање на родовата еднаквост
- Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности да биде составен дел од Програмата за работа на Советот на општината и КЕМЖМ да биде надлежна за разгледување на истата.
- Општината да развие механизми за консултирање на жените од руралните заедници.
- Општината при идентификување на потребите на жените да ги консултира локалните граѓански здруженија кои располагаат со информации од терен.
- Информациите за одржување на консултативните средби во однос на прашања за потребите на жените, во фазата на планирање на програмите и во фазата на разгледување на нацрт буџетот, да бидат јавно објавени на начини и места лесно достапни за сите жени.
- Активна вклученост на КЕМ и координаторката за еднакви можности во процесот на подготовка на прогрмите и буџетот на општината, со конкретни мерки за унапредување на еднаквите можности.
- Општината да ја подобри транспаретноста во работењето преку редовно и навремено објавување на предлог буџетот и на нацрт програмите на веб страната на Општина Струмица

## 7. ГЕНЕРАЛЕН ТРЕТМАН НА ПРАШАЊЕТО ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

- Општината да усвојува годишен план со основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖ), а врз основа на испитаните потреби на жените во процесот на консултации. Годишниот план да содржи средства одвоени од буџетот на општината со висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки.
- Висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки да се предвиди и за мерките во сите секторски програми на општината.
- Општината да воведе пракса на прибирање предлози од жените преку посебни форми на комуникација, за истите да бидат земени предвид при планирање и буџетирање
- Механизмите надлежни за интегрирање на родовата еднаквост на локално ниво (кординатор за еднакви можности и КЕМЖМ), да развијат системи на анализа на статистички податоци, евиденција на идентификуваните потреби на жените и разгледување и давање мислење по однос на годишните програми, планови и нацрт буџетот
- Промоцијата на родовата еднаквост да биде концепт во работењето на општинската администрација и да не биде условена само од проекти на граѓанските здруженија и средства на меѓународни организации.